**20160952410**

**АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 131 а во врска со член 24 став 1 алинеја 3 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации), на ден 11.5.2016 година донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА РАДИОАМАТЕРСКИ ИСПИТ, РАДИОАМАТЕРСКИ КЛАСИ, ТЕХНИЧКИ ПАРАМЕТРИ И ДРУГИ УСЛОВИ ЗА УПОТРЕБА НА РАДИОАМАТЕРСКИ СТАНИЦИ И ОПРЕМА**

Член 1

Во Правилникот за начинот на полагање на радиоаматерски испит, радиоаматерски класи, технички параметри и други услови за употреба на радиоаматерски станици и опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14) се менува:

Во преамбулата во првиот ред по зборот член 131 се брише „став 4“.

Член 2

Називот на Правилникот се менува и истиот гласи:

Правилник за користење на радиофреквенции во радиоаматерска служба.

Член 3

Во Член 1 по зборот пропишува се додава „користењето на радиофреквенции во радиоаматерска служба“.

Член 4

Во Член 2 по точка 5 се додаваат точките:

6) аматерска предавателна станица за радиогониометрија е предавателна станица наменета исклучиво за емисии заради аматерско радиогониометрирање.

7) аматерски радиофар е автоматска предавателна станица поставена на определена локација за емитување на посебни сигнали наменети за истражување на простирањето на радиобрановите и за други технички истражувања.

8) аматерска радиоврска во вонредни околности е аматерска радиоврска која се остварува кога е во прашање безбедноста на човечките животи или заштита на имотот, одбраната и безбедноста на државата, како и за хуманитарни акции.

9) аматерска репетиторска станица е радиостаница со која автоматски се примаат и истовремено се предаваат сигнали на други аматерски радиостаници во ист фреквенциски опсег.

10) ефективна израчена моќност е производ од моќноста што се доведува на антената и нејзината добивка во однос на полубранов дипол.

11) емисија за аматерско радиогониометрирање е емисија на карактеристични сигнали наменети за аматерска радиогониометрија, односно за користење на приемот на радиобранови заради определување на насоката и локацијата од која емитува предавателната станица.

12) аматерска радиостаница за дигитална радиокомуникација е аматерска примопредавателна станица која автоматски ги прима и предава сигналите од другите радиоаматерски станици во истиот или од друг фреквенциски опсег, а служи за пренос на податоци.

Член 5

Во член 3 се додава став 1 и истиот гласи:

„(1) Радиоаматерите можат да користат радиофреквенции кои со Планот за доделување и користење на радиофреквенции се предвидени за обезбедување на радиоаматерски и/или радиоаматерски сателитски услуги и на кои Агенцијата им има издадено одобрение за користење на радиофреквенции.“

Ставот (1) се менува во став (2), а ставот (2) се менува во став (3).

Член 6

Членот 4 се брише.

Член 7

Глава 3 се менува и гласи: Начин на полагање на радиоаматерски испит.

Член 8

Во член 6 по зборот заменици се додава зборот „со решение“.

Член 9

Во член 12 став (1) се брише секоја радиоаматерска класа, а се додава „секој кандидат“, а во став (2) на крајот се додава “и кандидатот.“

Член 10

Во член 14 став (2) и став (3) се менуваат и гласат:

(2) На барање на кандидатот кој положил испит за А класа и поседува одобрение за користење на радиофреквенции во радиоаматерска служба се издава HAREC Сертификат за хармонизиран радиоаматерски испит во рамките на CEPT на образецот даден во Додаток 5 кој е составен дел на овој правилник.

(3) На барање на кандидатот кој положил испит за Р класа и поседува одобрение за користење на радиофреквенции во радиоаматерска служба се издава Сертификат за хармонизиран радиоаматерски испит во рамките на CEPT, NOVICE на образецот даден во Додаток 6 кој се составен дел на овој правилник.

Член 15

Во член 14 став (5) се менува и гласи:

(5) Странски државјанин кој е радиоаматер врз основа на CEPT радиоаматерско одобрение (лиценца) и CEPT почетничко радиоаматерско одобрение, издадени во државата чиј што е државјанин, може да употребува радиоаматерска станица во Република Македонија во период  до најмногу 3 месеци непрекинато. Доколку пак претстојува подолго од 3 месеци потребно е да поднесе барање за издавање на одобрение при што треба да  достави и HAREC/NOVICE сетификат издадени од соодветен орган во неговата држава.

Член 16

Во член 33 став (4) се менува и гласи:

(4) По исклучок на став 1 од овој член, на барање на РСМ, може да се додели специјален повикувачки знак кој после префиксот Z3 ќе има:

а) повеќе букви и/или бројки,

б) една буква од A-Z и тоа само на радио клубови за време на учество во радиоаматерски натпревар.

Член 17

Во член 34 во Табелата 12 се додава нов ред и гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Z3A-Z3Z | Клубски радиоаматерски станици од "А" класа | HAREC | |

Член 18

Член 50 став (2) се брише.

Член 19

Во Додаток 4 ставот (1) се менува и гласи:

Врз основа на член 14 став 1 од Правилникот за користење на радиофреквенции во радиоаматерска служба, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации издава.

Член 20

Во Додаток 7, образецот се дополнува со броевите на службените весници „188/14, 14/15 и 193/15".

Бр. 0201-1086/5
11 мај 2016 година
Скопје

Директор
Агенција за електронски
комуникации,
**Сашо Димитријоски**, с.р.